ПРЕДЛОГ 13

Врз основа на член 276 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 16 од Статутот на Реплек АД Скопје на годишното Собрание на акционерите одржано на ден 25.04.2024 година се донесе следната

ОДЛУКА
за поделба на обичните акциии издадени од Реплек АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите

1. Се врши поделба на обичните акции издадени од Реплек АД Скопје во сооднос 1 : 10 односно 1 (една) обична акција се дели на 10 (десет) нови обични акции.

2. Со поделбата на обичните акции од точка 1 на оваа Одлука се врши намалување на поединечниот номинален износ по акција од 562.42 евра на поединечен номинален износ по акција од 56.242 евра. .

3. Со поделбата на обичните акции од точка 1 на оваа одлука основната главнина на друштвото е поделена на 259.200 обични акции со поединечен номинален износ по акција од 56.242 евра, а секој акционер (имател на акции) на друштвото за секоја обична акција со поединечен номинален износ по акција од 562.42 евра пред поделбата на обичните акции на Друштвото, врз основа на оваа одлука се стекнува со по 10 (десет) обични акции издадени од друштвото со поединечен номинален износ по акција од 56.242 евра.

4. Со поделбата на акциите основната главнина на друштвото останува непроменета.

5. Уписот на поделбата на акциите ќе биде спроведен во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје согласно состојбата на акционерската книга на ден 12.07.2024 година, по спроведено порамнување на берзанските трансакции. На денот на уписот на поделбата на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје нема да се врши тргување со акциите на Друштвото на Македонската берза АД Скопје.

6. Се задолжува органот на управување да ги преземе сите потребни активности и да ги донесе потребните акти во согласност со законските прописи и актите на друштвото заради спроведување на оваа Одлука вклучувајќи го и уписот на поделбата на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје .

7. Оваа одлука влегува во сила денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____